Република Северна Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Врз основа на член 48 и 49 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 година и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) член 57 од Колективниот договор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-675/4 од 26.05.2015, бр.01-1507/08 од 30.12.2016, бр.01-232/7 од 06.04.2017, бр.01-500/11 од 03.05.2018, бр.01-870/7 од 26.06.2019, бр.01-260/5 од 30.03.2021, бр.01-756/3 од 31.05.2022 и бр.01-1080/9 од 25.07.2023 година) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 259/24)

АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОБЈАВУВА

# ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 2/2025

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, со цел пополнување на работни места со унапредување на административен службеник, има потреба од:

- еден (1) извршител за работно место – Советник за организациона поддршка, шифра: МАП0101ВО1013 и
- еден (1) извршител за работно место – Советник за стандардизација, шифра: МАП0101В01017.

Општи услови за пополнување на работните места Советник за организациона поддршка и Советник за стандардизација се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови за пополнување на работните места - Советник за организациона поддршка и Советник за стандардизација, утврдени во Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се :

Стручни квалификации:

- за ниво В01 - VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- најмалку три години работно искуство во струката.

Посебни работни компетенции:

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

На интерниот оглас може да се јават административни службеници, вработени во истата институција, кои ги исполнуваат општите и посебните услови за пополнување на работните места пропишани за соодветното ниво во Законот за административните службеници и во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

Покрај наведените услови кандидатот треба:

- да не е оценет со оцена "Г" или "Д" при последното оценување,
- да е на работно место кое согласно Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување е на непосредно пониско ниво од работното место или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Дневно работно време – од 08 часот до 16 часот;
Работни денови: Понеделник – Петок;
Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.

Паричниот нето износ на збирот на делот на основната плата со кој се вреднува степенот на образование и делот на плата за ниво изнесува 51,701.00 денари.

**Напомена:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата и доказите ќе се дисквалификува од натамошната постапка.

Заинтересираните административни службеници, за наведените работни места, треба да достават пополнета пријава и документи со кои се докажува исполнувањето на бараните услови, до архивата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, како и во електронска форма до службената електронска адреса на лицето кое ги врши работите од областа на човечките ресурси, во рок од 5 дена сметано од денот на објавувањето на овој оглас.

Агенција за супервизија на капитално
финансирано пензиско осигурување